ЈАНУАРИ – МАРТ 2021

# (НЕ)ЕФИКАСНОСТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД ВО ЗАШТИТАТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА

**БР. 7**

Број на поднесени барања за вонреден инспекциски надзор

18

Добиени одговори:

7
Позитивни

2
Негативни

9
сѐ уште не е добиен одговор



**Подрачни единици на Државниот инспекторат на труд до кои се поднесени барањата за вонреден инспекциски надзор:**

Скопје 15

Кочани 1

Штип 1

Гевгелија 1



## Предмет на инспекциски надзор [1]




[1]Други повреди на права од работен однос (непријавени работници, распоредување на друго работно место, трансформација на работен однос, работа на празник, минат труд, пресметки на плата)

## Време на чекање одговор по поднесено барање за вонреден инспекциски надзор













## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Државниот инспекторат за труд ја подобрил ефикасноста во постапувањето и известувањето по барањата за вонреден инспекциски надзор. Бројот на случаи во кои ДИТ ги пречекорил законските рокови за постапување е намален за 35 отсто во споредба со претходниот извештаен период. Овој квартал, ДИТ го пречекорил рокот за постапување и известување во пет од 18 случаи.
   - **Државниот инспекторат за труд да продолжи со добрата практика на ефикасно постапување, со цел навремено известување на подносителите за спроведените вонредни инспекциски надзори.**

2. Хелсиншкиот комитет за човекови права со Државниот инспекторат за труд одржува неделни состаноци каде што се разговара за состојбата со работничките права во време на пандемија. Овие состаноци се од исклучителна важност за поединечни итни предмети по кои постапува ДИТ, поради тоа што директно се разговара за случаите каде што правата на работниците се особено загрозени. Воедно, на состаноците се разговара за постоечките политики за справување со кризата, како и за потребите од носење нови мерки и препораки за заштита на работниците.
   - **Продолжување на соработката на Државниот инспекторат за труд со здруженијата на граѓани кои директно комуницираат со работниците, ги претставуваат нивните потреби и ги застапуваат нивните интереси.**
   - **ДИТ и понатаму да остане отворен за предлозите на здруженијата на граѓани за подобрување на својата работа и да ги имплементира препораките во пракса.**

3. Вкупно 306 работодавачи кои примиле финансиска поддршка во износ од 16.305.020 денари, не ја исполниле обврската за исплата на плата на 992 вработени за месец декември.
   - **Управата за јавни приходи и Државниот инспекторат за труд да ја продолжат соработката, што започна во декември 2020 година, за спроведување координирани контроли кај работодавачите што ја злоупотребиле државната финансиска поддршка.**
   - **Транспарентно и навремено известување на јавноста за спроведените координирани контроли и за постигнатите резултати.**

4. Државниот инспекторат за труд одговорил позитивно во 50 отсто од поднесените барања за вонреден инспекциски надзор по однос на регресот за годишен одмор – К-15 за 2020 година, а за останатите случаи сè уште се чека одговор. Сепак, во ниту еден случај ДИТ не констатирал неправилности и не изрекол прекршочни санкции за работодавачите коишто регресот го исплатиле по 31.12.2020 година.
   - **Државниот инспекторат за труд да продолжи со практиката на спроведување на надзорите за исплата на регрес за годишен одмор – К-15 од страна на работодавачите.**
   - **ДИТ да ја користи можноста за изрекување прекршочни санкции на работодавачите коишто регресот за 2020 година го исплатиле по 31.12.2020 година.**
   - **Државниот инспекторат за труд да побара автентично толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството за начинот на пресметка и утврдување на висината на регресот за годишниот одмор кај работодавачите кои имале финансиски потешкотии во работењето и кои исплаќаат понизок износ од минималните 40 отсто од основицата за регрес на годишен одмор.**

UKaid from the British people
British Embassy Skopje
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Документот е подготвен во рамки на проектот ,,Зголемување на продуктивноста преку подобрување на законската рамка за работните односи во Северна Македонија”, финансиран од Фондот за добро владеење на Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.